RegionalCooperationCouncil

Co-funded by the European Union

# Често поставувани прашања

1. ***Што е роаминг?***

   Роамингот е услуга што ја нудат мобилните оператори која овозможува да го користите вашиот телефон додека сте во странство. На тој начин, Вие можете да го употребувате телефонот за разговори, да испраќате пораки и да ги употребувате мобилните податоци додека патувате во странство.

2. ***Дали е вистина дека нема да имам трошоци за роаминг кога ќе патувам низ регионот на Западен Балкан од 1-ви јули 2021?***

   Да, тоа е вистина. Од 1-ви јули 2021 Вие нема да плаќате екстра трошоци за повици, СМС пораки и за мобилни податоци додека патувате во регионот, споредено со она што што го плаќате во Вашата земја. Ова е моделот кој го нарекуваме „Роаминг како дома“.

   Со овој модел, минутите, СМС пораките и гигабајтите на податоците што ги користите во странство во регионот на Западен Балкан ќе бидат наплатени или одземени од големината на вашиот тарифен план, исто како да ги користите услугите дома.

   Сепак, во однос на мобилните податоци, мобилните оператори можат да применат таканаречено ограничување за фер употреба на податоците додека сте во раоминг, во согласност со Политиката за фер употреба. Ве молиме проверете дополнително со вашиот оператор.

3. ***Каде точно можам да патувам и да користам „Роаминг како дома“?***

   „Роаминг како дома“ можете да користите низ регионот на Западен Балкан (т.е. во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија и Србија), доколку сте претплатник на еден од операторите во Западен Балкан.

4. ***Дали „Роаминг како дома“ моделот ќе се применува ако повикам било каде во регионот додека користам роаминг или само ако повикувам некого дома?***

   Да, „Роаминг како дома“ моделот ќе се примени во било кој случај, независно дали се јавувате дома или на било кој претплатник на еден од операторите во Западен Балкан.

5. ***Дали „Роаминг како дома“ се применува на разговори, СМС-пораки или на мобилни податоци?***

Нема да имате дополнителни трошоци за роаминг за сите видови сервиси: разговори, СМС и мобилни податоци секогаш кога користите роаминг низ Западен Балкан, што значи надвор од вашата сопствена економија.

Сепак, во однос на мобилните податоци, мобилните оператори можат да применат таканаречено ограничување за фер употреба на податоците додека сте во раоминг, во согласност со Политиката за фер употреба. За повеќе информации, ве молиме контактирајте го Вашиот оператор.

6. ***Дали „Роамингот како дома" се применува кога јас повикувам некого или исто така и кога мене ме повикуваат додека сум на роаминг?***

   Нема да имате дополнителни трошоци за роаминг: без оглед дали повикувате или сте биле повикани.

7. ***Дали „Роамингот како дома" од 1-ви јули 2021 се применува и за при-пејд и за пост-пејд претплатниците?***

   Да, се применува и во двете категоии и за при-пејд и за пост-пејд претплатници.

8. ***Дали „Роамингот како дома" се применува автоматски или јас треба да го активирам?***

   Не треба да правите ништо - тоа е автоматски, мобилните оператори автоматски ќе го применат „Роаминг како дома" моделот низ целиот регион.

9. ***Дали „Роаминг како дома" ги опфаќа повиците што би ги правел од дома кон другите делови од регионот?***

   Не, таквите повици не се роаминг повици. Додека вие се јавувате од дома вие не сте во роаминг и „Роаминг како дома" принципот не се применува.

10. ***Ако патувам низ регионот и повикам некого, дали треба да внимавам дали повикувам мобилен или фиксен број?***

    „Роамингот како дома" се применува за сите телефонски повици на роаминг во регионот на Западен Балкан во согласност со вашиот тарифен план.

11. ***Дали „Роаминг како дома" моделот се применува кога користам WiFi додека патувам низ регионот?***

    Кога користите *WiFi* вие не ги користите роаминг услугите, па затоа, „Роаминг како дома" принципот не се применува.

12. ***Дали има било какво ограничување на бројот на повиците, СМС пораките или мобилните податоци додека користам роаминг низ регионот?***

    Не постојат ограничувања на бројот на гласовните разговори и СМС-пораките додека сте на роаминг. Во однос на мобилните податоци, мобилните оператори можат да применат таканаречено ограничување за фер употреба на податоците додека сте во раоминг, во согласност со Политиката за фер употреба. За повеќе информации ве молиме контактирајте го вашиот мобилен оператор.

13. ***Што доколку сум во роаминг, а ги потрошам сите минути/пораки/мобилни податоци што ги имам како претпланик во при-пејд или пост-пејд тарифата?***

Во случај доколку го потрошите целиот сообраќај како при-пејд или пост-пејд претплатник, за дополнителните повици/СМС/мобилни податоци ќе ви биде наплатено согласно домашните тарифи.

14. ***Дали ќе може да дабијам повик додека сум на роаминг, во случај ако ја потрошам целата моја при-пејд сметка?***

Да, истите правила што се применуваат додека сте дома, така што ќе може да Ве повикуваат. Дојдовните повици се ослободени од плаќање, исто како да сте дома.

15. ***Дали постои било какво ограничување при користење на мојот телефон додека сум во странство и за време на користење на „Роамингот како дома“?***

Доколку поголемиот дел од времето сте дома (во рамките на вашата домашна мрежа), а не во странство, односно повеќе го користите Вашиот мобилен телефон дома отколку во странство, ќе можете да го користите раомингот според моделот „Роаминг како дома“ во регионот. Сепак, доколку Вашиот мобилен оператор утврди дека во последните 4 месеци поголемиот дел од времето сте во странство и поголемиот дел од вашиот мобилен сообраќај е во странство, ќе добиете СМС порака и ќе бидете замолени да го прилагодите користењето на мобилниот сообраќај со политиката за фер користење. Доколку тоа не се случи во следните две недели, вашиот мобилен сообраќај ќе биде дополнително наплатен, т.е.:

- 3.2 евро центи за минута за појдовни повици
- 1.6 евро центи за минута за дојдовни повици
- 1 евро цент за СМС
- 0.77 евро центи за мегабајт, што ќе се намалува годишно, до 1-ви јануари 2026 година. За повеќе информации проверете со вашиот мобилен оператор.

16. ***Дали е се уште добра идеја додека патувам во регионот да земам локална СИМ картичка за времена уотреба?***

Доколку патувате периодично и останувате краток период во било која економија на Западен Балкан, одговорот е не. Но, доколку планирате да престојувате во некоја од економиите на Западен Балкан подолго, би требало со Вашиот мобилен оператор да ја проверите нивната политика на фер користење, за да видите што е најдобро во секој одделен случај.

17. ***Што доколку патувам во Западен Балкан и ми бидат наплатени дополнителни трошоци?***

Веднаш треба да го контактирате вашиот мобилен оператор.

18. ***Дали се намалени и трошоците за роаминг со ЕУ?***

Не, но разговорите за намалување на роаминг трошоците помеѓу Западен Балкан и ЕУ, се во тек.

За повеќе информации проверете ги веб страниците на националните регулаторни тела во Западен Балкан:

Албанија: https://www.akep.al/
Босна и Херцеговина: https://www.rak.ba/bs-Latn-BA/
Косово*: http://www.arkep-rks.org/
Црна Гора: https://ekip.me/
Северна Македонија: https://aek.mk/
Србија: https://www.ratel.rs/cyr/

*Ова име не ги прејудицира ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244/1999 и Одлуката на Меѓународниот суд за правда за Косовската декларација за независност.